ProCredit Bank
Macedonia

ProCredit Bank, Head Office bul. Jane Sandanski 109a, 1000 Skopje, Macedonia

# Објава за тендер

| | |
|---|---|
| Набавувач: | ПроКредит Банка АД Скопје |
| Назив на тендер: | Тендер за набавка, монтажа и сервис на клима уреди |
| Број на тендер: | 27/2010 |
| e-mail: | tenders@procreditbank.com.mk |
| Факс: | (02) 321 99 01 |

Датум на објава на тендерот: 04.08.2010 година
Краен датум на доставување на понудите: 11.08.2010 година

Почитувани,

ПроКредит Банка АД Скопје ќе врши избор на најповолна компанија за набавка, достава, монтажа и сервис на:

- Мобилни клима уреди;
- Клима уреди-сплит системи;
- Клима уреди со пресостат за сервер соби;
- Тековно одржување-сервис на постојни клима уреди од различни производители

Договорот за соработка за набавка и сервис на горенаведената опрема е за времетраење од 1 (една) година за идните потреби на Управата и Експозитурите на ПроКредит Банка АД Скопје на територија на Република Македонија со важност од 03.09.2010година до 03.09.2011година.

Треба да се има во предвид дека понудените клима уреди за сервер собите треба да ладат 24/7, односно работат постојано или нон-стоп при временски услови од -20 до +40 степени. Клима уредот мора да одржува константна температура од 20 до 21С. Вкупна јачина на уредите во сервер собата е околу 1500 W, а самите простории се максимум 5м2. Клима уредите треба да имаат опција restart во случај на снемување на струја сами повторно да се палат.

Набавка ќе се врши согласно потребите и кубатурите на локациите.

Доставените понуди потребно е да го содржат следното:

- Деталната понуда да ги опфати сите модели на мобилни клима уреди, клима уреди-сплит системи и клима уреди со пресостат за сервер соби ( со различни карактеристики ) со кои располага понудувачот. Во понудата задолжително да се опфатат моделите на клими со моќност од **2.5KW, 3.5 KW, 5KW, 7KW и 10 KW.**
- Во понудата да се наведе колку метри инсталациски материјал и напоен кабел влегува во цената на чинење на уредот.
- Понудата да содржи и цени за дополнителен инсталациски материјал и напоен кабел по метар
- Понудата да содржи детално објаснување за тековно одржување на постојни клими, и тајфуни (електрика, чистење, замена и сервис на сите делови од климите и како и нивна демонтажа, монтажа и дислокација).

Ве молиме доставете и понуда за ставките од табелата подолу:



Members of the Managing Board:
Jovanka Joleska Popovska, General Manager
Valentina Trajceva Nikovska, Chief Financial Officer
Emilija Spirovska, Chief Risk Management Officer

| | |
|---|---|
| 1 | **Клима уреди** |
| 1.1 | Чистење |
| | Надворешна единица |
| | Внатрешна единица |
| | Филтри |
| | Црево |
| | Турбина |
| | Кадичка |
| 1.2 | Замена (за секој клима уред пооделно) на |
| | компресор |
| | Вентиларот на НЕ |
| | Вентилатор на ВЕ |
| | Дополна со фреон во кг за секој клима уред пооделно |
| | Филтри |
| | Термостат |
| | Електрика |
| | Мотор |
| 1.3 | Разно |
| | Дислокација на ВЕ |
| | Дислокација на НЕ |

**Банката го задржува правото за избор на повеќе компании**.

**Облик и содржина на понудата:**

1. Понудата се изработува во писмен облик
2. Понудата треба да содржи:

а. Име, адреса и седиште на Понудувачот, броеви на телефон и факс, e-mail адреси и лица за контакт;

б. Единечна цена на понудата, со посебно изразен ДДВ. Цената треба да биде изразена во денари (истата треба да биде фиксна и непроменлива) со вклучен ДДВ и монтажа со потребниот потрошен материјал и инсталациски материјал, подесување гаранција и транспорт франко Управата и филијалите на ПроКредит Банка АД Скопје. **При изработката на понудата задолжително се пополнува и Анекс 9 – Понуда за тендер** (во прилог на објавата од тендерот).

в. Начин на плаќање – плаќањето ќе се реализира по испорака и монтажа како и по направениот сервис;



Members of the Managing Board:
Jovanka Joleska Popovska, General Manager
Valentina Trajceva Nikovska, Chief Financial Officer
Emilija Spirovska, Chief Risk Management Officer

г. Рок и начин на испорака; залихи со кои располага компанијата со секој пооделен тип на клима уред и воздушна завеса;

д. Гаранциски период - **Рокот на гаранцијата за набавка на нова опрема потребно е да биде минимум 3 години, а гаранција на извршен сервис да биде минимум 6 месеци;**

ѓ. Сервисна служба (број на вработени, работно време на сервисот,) како и сервисни центри со локација за надвор од Скопје. **Напомена: време на одзив во Скопје потребно е да биде максимум 3 часа и низ Република Македонија максимум 5 часа. Максимално време на отстранување на дефект 48 часа;**

е. Спецификација за понудените клима уреди и тоа подетални информации за:

- филтри, земја на потекло, техничка спецификација на секој пооделен тип на клима уред (тежина, висина, ширина, далечински управувач, компресор, проток на воздух на метар кубен), сертификати за квалитет, тип на фреон и можности за догревање итн.);

ж. Докази за квалитет (сертификат за квалитет, технички карактеристики, технички спецификации, функционални карактеристики, естетски карактеристики итн.); **Каталог на сите понудените клима уреди со технички карактеристики и земја на потекло;**

з. Референтна листа;

ѕ.Доказ за бонитет од банка или од Централниот Регистар на РМ;

и. Антикорупциска изјава потпишана и печатирана;

ј. Информација за тековна состојба на фирмата од Централниот Регистар;

к. Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка за безбедност забрана за вршење на дејност;

л. Потврда дека не е отворена стечајна постапка;

љ. Потврда дека не е отворена ликвидациона постапка;

м. Странско правно или физичко лице кое се јавува како понудувач доставува ревизорски извештај од матичното правно лице кој треба да биде издаден од реномирана странска ревизорска куќа;

н. Фото-копија од важечка лична карта за физички лица.

Документите се доставуваат во оригинал или копија, со датум на издавање кој не треба да биде постар од 6 (шест) месеци.

**Критериуми за оценување** (бодување) што ќе се применуваат при донесување на одлука за избор на најповолна компанија за набавка, дистрибуција и монтажа на мобилни клима уреди, клима уреди-сплит системи, клима уреди со пресостат за сервер соби, електрични калорифери-тајфуни се следните:

- Цена на чинење со попусти ............................................... 60 бодови
- Гаранција на производите над 3 години.............................20 бодови
- Рок на испорака .................................................................. .15 бодови
- Соработка со банката...........................................................05 бодови

**Критериуми за оценување** (бодување) што ќе се применуваат при донесување на одлука за избор на најповолна компанија за сервис на мобилни клима уреди, клима уреди-сплит системи, клима уреди со пресостат за сервер соби се следните:

- Цена на чинење на сервисните услуги.................................80 бодови
- Гаранција на извршен сервис над 6 месеци.........................15 бодови
- Соработка со банката.............................................................05 бодови

Одбраните добавувачи се обврзани да отворат сметка во ПроКредит Банка АД Скопје.

Плаќањето ќе биде извршено во законски рок по извршената испорака.

Понудите треба да се испратат во затворено плико, со ознака "Не отварај" и „За тендер" најдоцна до крајниот датум за доставување на понудите на долунаведената адреса:

**Бул. Јане Сандански 109а, Скопје**
со назнака за **Тендер за набавка, монтажа и сервис на клима уреди бр.27/2010.**

Понудите кои се примени преку e-mail или по факс, понуди примени по истекот на крајниот рок, понуди добиени и адресирани до вработени на ПроКредит Банка не се сметаат за валидни при одлучување за тендерот.
Пликотото не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува испраќачот.

Доколку по барање на Набавувачот ПроКредит Банка, Понудувачот треба да изработи модел на предметот кој се набавува, изработката и доставувањето до просториите на Банката е на трошок на Понудувачот и моделот останува во сопственост на Понудувачот. ПроКредит Банка не е должна на Понудувачот да му ги надомести трошоците за изработка ниту пак било кои други трошоци настанати во врска со изработката на моделот и не е должна да го откупи истиот.